20180831472

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 2 мај 2018 година.

Бр. 08-2983/1
2 мај 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Член 1

Во Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ број 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16 и 74/17) во член 14-а во ставот (2) алинејата 6 се брише.

Член 2

Во членот 36-а по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член како и потребната документација за исполнетост на условите од членот 36 став (2) од овој закон ги пропишува министерот.“

Ставовите (2), (3), (4) и (5) стануваат ставови (3), (4), (5) и (6).

Во ставот (3) кој станува став (4), зборовите: „ставот (2)“ се заменуваат со зборовите: „ставот (3)“.

Член 3

По членот 98-б се додава нов член 98-в и нов наслов, кои гласат:

„Член 98-в

Поддршка на трошоците за набавка на гориво за земјоделска механизација

(1) Поддршка на трошоците за набавка на гориво за земјоделска механизација е помош наменета за компензација на дел од трошоците на земјоделските стопанства за набавка на гориво за земјоделска механизација.

(2) Помошта од ставот (1) на овој член е во висина до 50% од трошоците на земјоделските стопанства за набавка на гориво за земјоделска механизација но не повеќе од 100.000 денари по земјоделско стопанство.

(3) Помошта од ставот (1) на овој член се доделува со давање на платежни картички за набавка на гориво во определен износ.

(4) Висината на помошта од ставот (2) на овој член се утврдува по земјоделски производи или групи на земјоделски производи врз основа на износот на трошоците за гориво кое е потребно за обработка на единица земјоделска површина во текот на една производна година.

(5) Процентот на помошта од ставот (2) на овој член се утврдува во програмата за финансиска поддршка во земјоделството.

(6) Износот на помошта од став (4) на овој член по единица земјоделска површина по земјоделски производ или групи на земјоделски производи ги пропишува Владата со прописот од членот 47 став (6) од овој закон.“.

Член 4

Во Законот за дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ број 74/17) во членот 1 став 1 по зборовите: „Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2017 година“ се додаваат зборовите: „и Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година“, а по зборовите: „Програмата за финансиска поддршка на рурален развој за 2017 година“ се додаваат зборовите: „и Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година“.

Во ставот 2 по зборовите: „Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2017 година“ се додаваат зборовите: „и Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година“, а по зборовите: „Програмата за финансиска поддршка на рурален развој за 2017 година“ се додаваат зборовите: „и Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година“.

Член 5

Започнатите постапки за финансиска поддршка до денот на влегување во сила на овој закон согласно Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година и Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година, ќе завршат согласно овој закон.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.